ПРОДОЛЖУВА ИСПЛАТАТА НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА

По успешна реализација на одобрената инвестиција уште еден корисник доби средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 15.797.785,00 денари на корисникот ДПТУ Дим-комерц ДООЕЛ од Валандово за инвестиции во набавка на опрема за подобрување и модернизирање на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук

Од вкупно исплатените средства, 11.848.338,50 денари се средства од буџетот на ЕУ и 3.949.446,50 денари се средства од буџетот на РМ.